Врз основа на член 31 став 7 од Законот за персоналниот данок ("Службен весник на Република Македонија" бр. 80/93, 70/94, 71/96, 28/97, 8/01, 50/01, 2/02, 44/02, 96/04, 120/05, 52/06, 139/06, 160/07, 159/08, 20/09, 139/09, 171/10, 135/11, 166/12, 187/13, 13/14, 116/15, 129/15, 199/15, 23/16 и 190/17) министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК
## за формата и соджината на извештајот за корисниците на продажни места на зелените пазари

("Службен весник на Република Македонија" бр.197/17)

### Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на извештајот за корисниците на продажни места на зелените пазари.

### Член 2

Извештајот за корисниците на продажни места на зелените пазари се поднесува на образец „ПДД/И-ЗП" изготвен на хартија во бела боја во А-4 формат.
Формата и содржината на образецот на извештајот од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

### Член 3

Со денот на отпочнувањето на примената на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на образецот на годишниот извештај за корисниците на продажни места на зелените пазари („Службен весник на Република Македонија" бр. 4/12 и 201/14).

### Член 4

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2018 година.